РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-1516
12-08-2015 година
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Macedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 20.05.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Viëra Вредност Value |
| 17 | 1389 | 1 | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 и 98/15), министерот за образование и наука донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Современ банкарски менаџмент и Современ менаџмент на претпријатија на Факултетот за бизнис економија и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Енергетски менаџмент и одржлив развој на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Современ банкарски менаџмент и Современ менаџмент на претпријатија на Факултетот за бизнис економија и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Енергетски менаџмент и одржлив развој на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се обрати со барање бр. 03-2039/1 од 13.07.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-1516 од 14.07.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Современ банкарски менаџмент и Современ менаџмент на претпријатија на Факултетот за бизнис економија и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Енергетски менаџмент и одржлив развој на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија со Решение бр.14-243/3 од 23.03.2015 година, Решение бр. 14-234/2 од 29.01.2015 година и 14-243/4 од 23.04.2015 година.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-1516 од 22.07.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 31.07.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-1516 од 11.08.2015 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Современ банкарски менаџмент и Современ менаџмент на претпријатија на Факултетот за бизнис економија и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Енергетски менаџмент и одржлив развој на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Abdilaqim Ademi**

Д-но до:
- Именуваниот/та
-Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити